# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ НИЗ КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

АСТАС PRILEP АГТИС ПРИЛЕП

Ekumenska inicijativa žena
Ecumenical Women's Initiative



# ШТО Е АВТОЦЕНЗУРА?

*Новинарот на негова иницијатива свесно донесува одлука да не пренесе информација која ја знае на јавноста.*



# ШТО Е АГЕНДА?

*Листа на настани и вести определена од уредничкиот тим.*



# ШТО Е АДВЕРТАЈЗИНГ?

*Рекламирање на информација пласирана во платен (закупен) медиумски простор.*



# ШТО

# Е

# АТРИБУЦИЈА?

*Поткрепување на информациите*

*со изворот на информации.*



# ШТО Е АУДИОВИЗУЕЛЕН МЕДИУМ?

*Средство за собирање, пренос и емитување на звучни и видео информации.*



# ШТО Е БАНЕР?

*Простор, на врвот или на дното на веб страницата кој најчесто се користи за рекламирање.*



# ШТО Е БРОШУРА?

*Мал печатен материјал за промовирање.*



# ШТО Е ВЕСТ?

*Основен новинарски жанр кој одговара на основните новинарски прашања за информација која вреди да се објави.*



# ШТО Е ВОНРЕДНА ВЕСТ?

*Вест која поради својата исклучителна важност се објавува во рамките на редовната програма без оглед на распоредот.*



# ШТО Е ВЕБ САЈТ?

*Основен елемент на* **WWW.**

*Колекција од една или повеќе веб страници поставени на интернет и се погодни за прелистување со прелистувач.*



# ШТО Е ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК?

*Лице одговорно за креирање и спроведување на уредувачката политика на медиумот. Тој одговара за сите објавени новинарски содржини.*



# ШТО Е ГЛЕДАНОСТ?

*Мерлив податок (индикатор) за апсолутен или релативен број гледачи, слушатели или посетители на одреден медиум, во одреден временски период.*



# ШТО
# Е ДЕСК?

*Место каде што се собираат информациите и се припремаат соржините за вести.*



# ШТО Е ДЕМАНТ?

*Информација која негира претходно објавена информација.*



# ШТО Е ДОПИСНИК?

*Новинар кој известува надвор од седиштето на медиумот.*



# ШТО Е ДОСЕГ?

*При мерењето на ТВ рејтинзи се мери бројот на различни лица кои виделе најмалку една минута од одредени телевизиски содржини.*



# ШТО Е ЕМБАРГО?

*Забрана за информација која не треба да се објави пред точно назначеното време или исполнување на одреден услов.*



# ШТО Е ЕКСКЛУЗИВНА ИНФОРМАЦИЈА?

*Информација од особен интерес за јавноста обезбедена и презентирана само од еден медиум.*



# ШТО Е ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМ?

*Радија, ТВ канали и електронски публикации (на пример веб портали, веб изданија на дневните весници, итн.).*



# ШТО Е ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТ?

*Медиумско право кое вклучува професионални принципи со кои се регулира приватниот живот на оној за кој се известува.*



# ШТО Е ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО?

*Вид на новинарство со кое подлабоко се истражува некоја тема и се откриваат факти кои досега не биле обзнанети.*



# ШТО Е ИНТЕРВЈУ?

*Специфичен новинарски жанр во дијалошка форма со водител и соговорник/ци.*



# ШТО Е ИЗДАНИЕ?

*Видоизменување на медиумската содржина зависно од околностите и потребите (вонредно издание, второ издание, регионално издание итн).*



# ШТО Е ИЗВЕШТАЈ?

*Новинарски облик на изразување преку кој се дава одговор на петте новинарски прашања, но се известува и за текот на настанот, обрнувајќи внимание на детали.*



# ШТО Е ИЗЈАВА?

*Исказ на извор на информација.*



# ШТО Е ЈАВНО МИСЛЕЊЕ?

*Ставови и мислење на пошироката јавност за важни општествени збиднувања.*



# ШТО Е КЛЕВЕТА?

*Кажување невистини за некого со цел да се оцрни, да се урне неговиот углед.*



# ШТО Е КОМУНИКАЦЈА?

*Пренос и размена на информации.*



# ШТО Е КОЛУМНА?

*Од ист новинар периодично,*

*во весник или списание објавена статија*

*во која се изразува лично мислење.*



# ШТО Е КОМЕНТАР?

*Новинарски текст во кој се објаснува суштината, смислата на определен актуелен настан или политички потег.*



# ШТО
# Е МЕДИУМ?

*Средство за масовна комуникација.*



# ШТО Е МАС МЕДИУМ?

*Поим кој најчесто се користи за да се означи оној дел од медиумите кои допираат до многу голема публика.*



# ШТО Е МАНИПУЛАЦИЈА?

*Нечесна работа, интрига, сплетка.*

*Намерно мамење на јавноста, давање лажни информации и креирање погрешна слика или мислење за прашање од голема важност.*



# ШТО Е МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ?

*Свеност за медиумската содржина и критички пристап, анализа и оцена.*



# ШТО Е НОВИНАР?

*Лице што пишува или што уредува текстови за печатот, радиото, телевизијата.*



# ШТО Е ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ?

*Процес на стратешко комуницирање којшто гради заемно корисни односи помеѓу организации и нивните публики.*



# ШТО Е ОНЛАЈН НАСИЛСТВО?

*Секоја комуникациска активност која поединецот или групата ја користи за да наштети на друга личност преку интернет и мобилен телефон.*



# ШТО Е ОФИЦИЈАЛНО (ON THE RECORD)?

*Режим на слободно користење на информациите со цитирање на изворот.*



# ШТО Е ОФ РЕКОРД (OFF THE RECORD)?

*Режим на користење на информации кога не се дозволува цитирање на изворот, но е нужно тој да се лоцира.*



# ШТО Е ПИПЛМЕТАР?

*Уред кој се користи во истражувања за следење на телевизиска гледаност.*



# ШТО Е ПРОДУКЦИЈА?

*Производство на некаков вид аудиовизуелна содржина.*



# ШТО Е ПРИЛОГ?

*Основна ТВ и радио форма најчесто составена од глас на новинарот, избрани изјави и атмосферски тон (аудио и видео).*



# ШТО Е ПРОМОЦИЈА?

*Било кој вид на маркетинг комуникација кој се користи за да се информира или убеди целна публика на релативните вредности на производот, услугата, брендот или прашањето.*



# ШТО Е РЕДАКЦИЈА?

*Новинарскиот тим во еден медиум вклучувајќи ги и уредниците. Под редакција понекогаш се подразбира и просторијата во која се создаваат вестите.*



# ШТО
# Е РЕПОРТЕР?

*Соработник во весник, радио, ТВ кој собира дневни новини, но известува директно од терен.*



# ШТО Е РЕПОРТАЖА?

*Специфичен новинарски жанр како сведочење за некој настан, што подразбира присуство на новинарот на самото место.*



# ШТО Е РУБРИКА?

*Постојан оддел во весник, списание, портал и сл., со одредени страни кои покриваат специфични области. Најчести рубирики: Политичка, Економска, Надворешна, Културна, Спортска, Забавна, Градска, Општинска...*



# ШТО Е СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ?

*Право на поединецот за слободно зборување и изразување без цензура или ограничување, или пак двете заедно.*



# ШТО Е СПАМ?

*Спам,* **junk mail** *(рекламен материјал добиен по е-пошта) или* **unsoliced commercial mail** *(небарана рекламна пошта) е несакана порака најчесто со рекламна содржина која често се повторува, испратена е до голем број на меилови и често е детектирана и завршува во електронско ѓубре.*



# ШТО Е СТЕРЕОТИП?

*Мислење или перцепција формирана врз основа на поедноставување, претерување или генерализација.*



# ШТО Е СУДИР НА ИНТЕРЕСИ?

*Посебни формални или неформални односи на новинарите или медиумите со лица или институции за кои известуваат и кои можат да видат причина за континуирано и намерно кршење на основните етички принципи.*



# ШТО Е СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ?

*Пишан документ кој изворот го испраќа до медиумите со кој најавува нешто што ќе се случи или се промовира или презентира нешто ново.*



# ШТО Е ЦИТАТ?

*Дел од новинарски текст во кој директно се наведени нечии зборови онака како што се кажани.*

Овој едукативен материјал е во склоп на проектот „Грас-рут родово сензитивна агенда преку Отворена ТВ“ поддржан од ЕИЖ, од Омиш, Хрватска. Ставовите искажани во едукативниот матерјал ги одразуваат само ставовите на авторите на едукативниот материјал и не ги претставуваат официјалните ставови на ЕИЖ.

Ekumenska inicijativa žena
Ecumenical Women's Initiative

Извори:
Институт за комуникациски студии; Википедија, слободна енциклопедија;
Дигитален речник на македонски јазик.